Врз основа на член 55 став 1 од Законот за организација и работа на органите на државната управа („Службен весник на Република Македонија" бр. 58/00, 44/02, 82/08, 167/10 и 51/11) и „Службен весник на Република Северна Македонија" 96/19 и 110/19), како и врз основа на член 22 и член 25 од Законот за средно образование („Службен весник на Република Македонија" бр. 44/1995, 24/1996, 34/1996, 35/1997, 82/1999, 29/2002, 40/2003, 42/2003, 67/2004, 55/2005, 113/2005, 35/2006, 30/2007, 49/2007, 81/2008, 92/2008, 33/2010, 116/2010, 156/2010, 18/2011, 42/2011, 51/2011, 6/2012, 100/2012, 24/2013, 41/2014, 116/2014, 135/2014, 10/2015, 98/2015, 145/2015, 30/2016, 127/2016, 67/2017 и 64/18) министерот за образование и наука донесе скратена наставна програма по наставниот предмет **Бизнис и претприемништво** за **IV (четврта) година** на гимназиското образование, спортската гимназија, спортската академија и средното уметничко образование за учебната 2020/21 година.

## 1. ВОВЕД

Скратената наставна програма по наставниот предмет **Бизнис и претприемништво** за **IV (четврта) година** на гимназиското образование, спортската гимназија, спортската академија и средното уметничко образование за учебната 2020/21 година се базира на целите предвидени со наставната програма за наставиот предмет што редовно се реализира согласно утврдениот наставен план.

Со скратенета програма се утврдуваат определени теми и наставни единици што треба да се реализираат за 145 наставни денови, при што се запазува предвидениот неделен фонд на часови утврден во редовната програма, односно за наставен предмет со неделен фонд од 2 часа се предвидуваат 58 часа во скратената наставна програма.

Наставникот при планирањето и реализацијата на наставните единици од скратената програма се води од целите, определените поими, методите и активностите утврдени во редовната наставна програма.

## 2. ПРЕГЛЕД НА ТЕМИ И НАСТАВНИ ЕДИНИЦИ

Тема 1: **Предуслов за започнување на бизнис** (8 часа)

Наставни единици:

- Важни аспекти за претприемништвото
- Анализа на сите елементи потребни за започнување на бизнис
- Дизајнирање и редизајнирање на претприемачкиот процес

Тема 2: **Создавање и унапредување на односите со потрошувачите** (8 часа)

Наставни единици:

- Односи со потрошувачите
- Откривање, потврдување и креирање на потрошувачи
- Заштита на правата на потрошувачите
- Градење на компанија

Тема 3: **Развој и потврдување на бизнис модел** (22 часа)

Наставни единици:

- Имплементирање на модел за унапредување на односите со потрошувачите
- Вредности кои ги создава производот
- Клучни активности, ресурси и партнери
- Резултати од истражување на потрошувачите
- Типови и модели на извори на приходи
- Одржливост и можност за раст

Тема 4: **Наоѓање финансии и организирање на ресурсите на бизнисот** (10 часа)

Наставни единици:

- Од бизнис модел до организација на ресурсите во компанијата
- Извори на финансирање
- Организација на ресурсите

Тема 5: **Создавање и имплементација на бизнис комуникациска стратегија** (10 часа)

Наставни единици:

- Стратегии за ефикасна презентација
- „Презентација на бизнис модел за една минута“
- Ниво на подготвеност за инвестиција

## 3. ДИДАКТИЧКИ ПРЕПОРАКИ

Наставните единици во скратената наставна програма по наставниот предмет Бизнис и претприемништво за IV (четврта) година на гимназиското и средното уметничко образование за учебната 2020/21 година го даваат текот на реализацијата на наставниот материјал. Според потребите, наставниците самите го распределуваат предвидениот скратен фонд на часови наменет за новите содржини, за повторување, утврдување, вежби, проверка на знаењата на учениците, систематизирање, истражување, реализација на проекти, организирање настани и сл.

Во процесот на поучување наставникот треба да применува методи и форми на активна настава. При разработка на новата наставна единица, наставникот треба постојано да ги вклучува учениците во текот на часот преку прашања и одговори, искажување на ставови, дискусии и сл. Со техниките на учење што ќе ги применува наставникот ќе се овозможи развивање на критичкото размислување кај учениците, способноста за самостојно истражување, анализирање и решавање на проблеми.

Следењето на постигањата на учениците наставникот индивидуално го интегрира во рамките на предвидените часови за реализација, користејќи најразлични методи, техники и инструменти. Навремената и конструктивната повратна информација им овозможува на учениците да ги идентификуваат следните чекори потребни за да напредуваат во учењето.

Заради постигнување на целите од редовната наставна програма по наставниот предмет Бизнис и претприемништво планирано е примена на различни наставни средства и помагала: учебник и прирачници одобрени од Министерството за образование и наука и други извори на учење, компјутерска и мултимедијална опрема, ЛЦД проектор, аудио-визуелни наставни средства, Интернет, образовни софтвери, дигитални содржини, образовни платформи, апликации и др. согласно условите и можностите на училиштето.

## 4. НОРМАТИВ ЗА НАСТАВЕН КАДАР

Скратената наставна програма ја реализира наставик согласно нормативот за наставен кадар даден во редовната настава програма.

Скратената наставна програма по наставниот предмет **Бизнис и претприемништво** за **IV (четврта) година** на гимназиското образование, спортската гимназија, спортската академија и средното уметничко образование за учебната 2020/21 година ја утврди

Рег.бр. 12-8424/136
16-09-2020 г.

Министер за образование и наука
Мила Царовска